Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл. весник на Р.М“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19 и 14/20“), а во врска со член 11 од Законот за Царинската управа („Сл. весник на Р.М“ број 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18, 248/18 и 122/21), директорот на Царинска управа, донесе

ПРАВИЛНИК
за систематизација на работни места во Царинска управа

I ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува вкупниот број на административни царински службеници и вработени во јавниот сектор во Царинска управа, распоредот, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единици и посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места.

Член 2

Работите и задачите што се вршат во Царинска управа се определуваат согласно нивната сродност, меѓусебна поврзаност, видот, обемот и степенот на сложеноста, одговорноста и другите услови за нивното извршување.

Член 3

Работите и задачите утврдени со овој правилник претставуваат основа за вработување и распоредување на административни царински службеници, и вработени во јавниот сектор во Царинска управа.

Член 4

Табеларниот преглед (работна карта) на работните места во Царинска управа е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

II РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА

Член 5

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 1670 работни места (административни службеници, царински службеници и помошно технички лица), распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на Царинска управа, од кои пополнети се вкупно 1236, а распоредени се на следниот начин:

Ред. број	шифра	Звање/назив на работно место	Број на извршители	пополнети работни места
1.	ЦАР 01 01 Б01 001	Помошник директор	11	8
2.	ЦАР 01 01 Б01 002	Управник	5	5
3.	ЦАР 01 01 Б01 003	Советник на директорот	5	3
4	ЦАР 01 01 Б02 001	Помошник управник	5	4

5	ЦАР 01 01 Б02 002	Началник на одделение	41	35
6.	ЦАР 01 01 Б03 001	Шеф на царинска испостава	37	35
7	ЦАР 01 01 Б03 002	Шеф на служба	54	36
8	ЦАР 01 01 Б04 001	Водител на отсек	3	3
9.	ЦАР 01 01 Б04 002	Водител на смена	45	38
10	ЦАР 01 01 Б04 003	Водач на смена	44	33
11.	ЦАР 01 01 В01 001	Главен инспектор	49	29
12.	ЦАР 01 01 В01 002	Самостоен советник	243	153
13.	ЦАР 01 01 В01 003	Виш цариник контролор	55	46
14.	ЦАР 01 01 В01 004	Систем инженер	8	4
15	ЦАР 01 01 В01 005	Инспектор во одделение внатрешни истраги	7	4
16	ЦАР 01 01 В02 001	Виш инспектор	46	25
17	ЦАР 01 01 В03 001	Советник	48	21
18	ЦАР 01 01 В03 002	Систем инженер администратор	5	1
19	ЦАР 01 01 В04 001	Виш цариник	220	181
20	ЦАР 01 01 В04 002	Цариник	382	311
21	ЦАР 01 01 В04 003	Инспектор водич на царински пес	6	4
22	ЦАР 01 01 В04 004	Помлад инспектор	3	3
23	ЦАР 01 01 В04 005	Инспектор	65	34
24	ЦАР 01 01 Г01 001	Оператор	26	17
25	ЦАР 01 01 Г02 001	Административен оператор	90	65
26	ЦАР 01 01 Г03 001	Оператор на ИТ мрежи	1	0
27	ЦАР 01 01 Г04 001	Техничар за поддршка и координација	4	4
			1508	1102

Административни службеници				
Реден број	шифра	Звање/назив на работно место	Број на извршители	пополнети работни места
1.	УПР 01 01 В01 000	Советник	1	1
2.	УПР 01 01 В04 000	Помлад соработник	20	20

3.	УПР 01 01 Г01 000	Самостоен референт	1	1
4.	УПР 01 01 Г04 000	Помлад референт	26	24
			48	46

Помошно технички лица				
Реден број	шифра	Звање/назив на работно место	Број на извршители	пополнети работни места
1	УПР 04 02 А02 001	Чувар, портир II	4	4
2	УПР 04 03 А02 001	Возач II	2	1
3	УПР 04 05 А02 002	Магационер	1	1
4	УПР 04 05 А02 003	Домар економат	1	1
5	УПР 04 05 А02 005	Работник на приемен пулт (пријавница)	5	5
6	УПР 04 05 А02 011	Наплатувач на гранични премини	94	71
7	УПР 04 05 А03 001	Курир	1	0
8	УПР 04 05 А03 002	Работник на централа-телефонист	2	1
9	УПР 04 05 А03 004	Хигиеничар	4	4
			114	88

Член 6

За пополнување на работно место на административен царински службеник, административен службеник и помошно техничките лица кандидатот треба да ги исполни следниве општи услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Член 7

(1) Посебни услови утврдени со Законот за Царинската управа, за раководните царински службеници од категоријата Б се:

- стручни квалификации и тоа:
  - за нивоата Б1 и Б2 ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
  - за нивоата Б3 и Б4 ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен,

освен за нивото Б4 за работното место водач на смена ниво на квалификации најмалку више или средно.

- работно искуство и тоа:
  - за нивото Б1 најмалку четири години работно искуство на царински работи или во струката,
  - за нивото Б2 најмалку три години работно искуство на царински работи или во струката,
  - за нивото Б3 најмалку три години работно искуство на царински работи или во струката,
  - за нивото Б4 најмалку две години работно искуство на царински работи или во струката;
- посебни работни компетенции, и тоа;
  - за сите нивоа активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
  - за сите нивоа други посебни работни компетенции утврдени со актот за систематизација на работни места за соодветното работно место и
  - за сите нивоа активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европска унија (англиски, француски, германски).

(2) Потребни општи работни компетенции на напредно ниво:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење и
- финансиско управување.

Член 8

(1) Посебни услови утврдени со Законот за Царинската управа, за стручните царински службеници од категоријата В се:

- стручни квалификации и тоа:
  - за нивото В1 ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен,
  - за нивоата В2 и В3 ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
  - за нивото В4 ниво на квалификации е најмалку вишо или средно образование освен за работно место виш цариник ниво на квалификација VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен.
- работно искуство и тоа:
  - за нивото В1 најмалку три години работно искуство на царински работи или во струката,
  - за нивото В2 најмалку две години работно искуство на царински работи или во струката,
  - за нивото В3 најмалку една година работно искуство на царински работи или во струката
  - за нивото В4 без работно искуство;
- посебни работни компетенции:
  - за сите нивоа активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
  - за сите нивоа други посебни работни компетенции утврдени со актот за систематизација на работни места за соодветното работно место и
  - за сите нивоа активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европска унија (англиски, француски, германски).

(2) Потребни општи работни компетенции на средно ниво:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни и
- финансиско управување.

Член 9

(1) Посебни услови утврдени со Законот за Царинската управа, за помошно-стручните царински службеници од категорија Г се:

- стручни квалификации за сите нивоа: најмалку вишо или средно образование;
- работно искуство и тоа:
  - за нивото Г1 најмалку три години работно искуство на царински работи или во струката,
  - за нивото Г2 најмалку две години работно искуство на царински работи или во струката,
  - за нивото Г3 најмалку една година работно искуство на царински работи или во струката
  - за нивото Г4 со или без работно искуство на царински работи или во струката
- посебни работни компетенции:
  - за сите нивоа – активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветно работно место и
  - активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),

(2) Потребни општи работни компетенции на основно ниво:

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни; и
- финансиско управување.

Член 10

(1) Посебни услови утврдени со закон за стручните административни службеници од категоријата В се:

- стручни квалификации, и тоа:
  - за нивото В1 ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
  - за нивоата В2, В3 и В4 ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- работно искуство, и тоа:
  - за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката,
  - за нивото В2 најмалку две години работно искуство во струката,

- за нивото В3 најмалку една година работно искуство во струката или
- за нивото В4 со или без работно искуство во струката;

-посебни работни компетенции за сите нивоа и тоа:

- за сите нивоа активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европска унија (англиски, француски, германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- други посебни работни компетенции утврдени во актот за ситематизација на работни места за соодветно работно место.

(2) Потребни општи работни комепетенции на средно ниво:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

Член 11

1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници/ друг посебен закон или колективен договор за помошно - стручни административни службеници од категоријата Г се:

- ниво на стручни квалификации V А или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 2(40) кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование.
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- работно искуство и тоа:
  - за нивото Г1 најмалку три години работно искуство во струката,
  - за нивото Г2 најмалку две години работно искуство во струката,
  - за нивото Г3 најмалку една години работно искуство во струката или
  - за нивото Г4 со или без работно искуство во струката;

-посебни работни компетенции за сите нивоа и тоа:

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европска унија (англиски, француски, германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и
- други посебни работни компетенции утврдени во актот за ситематизација на работни места за соодветно работно место.

(2) Потребни општи работни комепетенции на основно ниво:

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни; и
- финансиско управување

Член 12

(1) Посебни услови утврдени со Законот за работни односи друг посебен закон или колективен договор за помошно - стручни лица од категоријата А се:

- за ниво А2 ниво на стручни квалификации: средно образование;

- за ниво А3 ниво на стручни квалификации: осново образование;
- работно искуство и тоа:
- за нивото А2 и А3 со или без работно исуство

(2) Потребни општи работни компетенции на основно ниво:

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни; и
- финансиско управување

Член 13

Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно-техничките лица во Царинската управа се стручни квалификации: основно или средно образование.

III. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ЦАРИНСКА УПРАВА

Член 14

СОВЕТНИК НА ДИРЕКТОРОТ

Реден број	1.
Шифра	ЦАР 01 01 Б01 003
Ниво	Б1
Звање	Советник на директорот
Назив на работно место	Советник на директорот
Број на извршители	5
Одговара пред	Директор
Вид на образование	Економски науки, Правни науки, Организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно раководење, организирање, планирање, следење, унапредување и координирање на работата на организационите единици во Царинската управа
Работни задачи и обврски	- раководи, планира, организира, следи и ја координира работата на Царинската управа за законито, навремено и ефикасно извршување на надлежностите; - следи и превзема мерки за правилна примена на законите, подзаконските акти и интерните документи кои се однесуваат на надлежностите на Царинска управа и предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - следи и превзема мерки за реализација на стратегиите и плановите од надлежност на Царинската управа; - ги утврдува ризиците, превзема и спроведува мерки за градење на интегритетот на вработените во Царинска управа; - ги утврдува ризиците и превзема мерки за превенција и

	спречување на корупција; - иницира, предлага ставови и дава совети до Директорот при одлучување на највисоко ниво по начелни прашања од надлежност на Царинската управа; - врши работи на директорот кои бараат посебна стручност и самостојност во работата; - дава стручни мислења и координира со организационите единици во Царинска управа за работи кои се во нивна надлежност; - ги следи и реализира обврските кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационите единици кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија).

1. ОДДЕЛЕНИЕ КАБИНЕТ НА ДИРЕКТОРОТ

Реден број	2.
Шифра	ЦАР 01 01 Б02 002
Ниво	Б2
Звање	Началник на одделение
Назив на работно место	Началник на одделение кабинет на директорот
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор
Вид на образование	Економски науки, Правни науки, Информатика
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно раководење, планирање, организирање, следење, унапредување и координирање на работата во одделението
Работни задачи и обврски	- раководи, планира, организира, следи, унапредува и ја координира работата во одделението за законито, навремено и ефикасно извршување на надлежностите; - ги следи и превзема мерки за правилна примена на законите, подзаконските акти и интерните документи и предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - превзема мерки за реализација на стратегиите и плановите од надлежност на одделението; - ги утврдува ризиците, превзема и спроведува мерки за градење на интегритетот на вработените во одделението; - врши прием и соодветно распределување на поштата упатена до директорот; - подготвува материјали и организира состаноци со кои раководи директорот, прима странки кои не може да бидат примени од страна на директорот, дава официјални соопштенија до јавноста и раководи со протоколот и официјалните средби на директорот; - подготвува извештаи од стручен аналитички аспект,

	анализи, информации и други материјали за потребите на работата на директорот; - врши работи во врска со спроведување на прописите за заштита на лични податоци; - ја донесува стратегијата и акциониот план на Царинска управа и годишен извештај за работењето на Царинската управа; - ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија).

1.1 Служба за односи со јавност

Реден број	3.
Шифра	ЦАР 01 01 Б03 002
Ниво	Б3
Звање	Шеф на служба
Назив на работно место	Шеф на служба за односи со јавност
Број на извршители	1
Одговара пред	Началник на одделение кабинет на директор
Вид на образование	Правни науки, Организациони науки и управување (менаџмент), Наука за јазикот (Лингвистика)
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно раководење, организирање, планирање, следење, унапредување и координирање на работата на службата
Работни задачи и обврски	- раководи, планира, организира, следи, унапредува и ја координира работата во службата за законито, навремено и ефикасно извршување на надлежностите; - ги следи и превзема мерки за правилна примена на законите, подзаконските акти и интерните документи и предлага нивна измена, дополнување или носење на нови, ги утврдува ризиците, превзема и спроведува мерки за градење на интегритетот на вработените во службата, превзема мерки за реализација на стратегиите и плановите од надлежност на службата; - планира, подготвува и организира настани, кампањи, семинари, објави на комерцијални и службени огласи, уредува и публикува информативен материјал (екстерен и интерен) на Царинската управа (стратешки план, годишен извештај, брошури, колумни и друго) и други активности; - контролира изработка на дизајн за печатење или дигитална употреба за потребите на Царинската управа, професионално фотографирање на настани и официјални

	средби организирани од Царинската управа или во кои учествува Царинската управа, - контролира визуелно техничка обработка на фотографии потребни за работни материјали во доменот на службата и техничка обработка на текстови и материјали за објавување на веб страната на Царинската управа и социјалните медиуми и редакција на текстови и соопштенија кои се подготвуваат за известување на јавноста, организира средби на директорот со претставниците на медиумите, подготвува текстови за интервјуа на директорот, организира конференции за медиуми и брифинзи; - подготвува материјали за потребите на директорот; - ги следи содржините на дневните весници, неделни и месечни списанија, изработува анализи и информации; - учествува во уредувачката политика на Царинската управа за комуникација и односите со јавност и останатите органи и организации; - изработува и спроведува план за медиумско покривање на проектите на Царинската управа; - ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија).

Реден број	4.
Шифра	ЦАР 01 01 В01 002
Ниво	В1
Звање	Самостоен советник
Назив на работно место	Самостоен советник за односи со јавност и информирање
Број на извршители	2
Одговара пред	Шеф на служба за односи со јавноста
Вид на образование	Правни науки, Наука за книжевност, Наука за јазикот (Лингвистика)
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно обезбедување на материјали потребни за изработка на известувања и информирање на јавноста
Работни задачи и обврски	- ги следи законите, подзаконските акти и интерните документи и предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - прибира, пишува текстови и обезбедува материјал потребен за изработка на известувања за јавност,

	конференции за печат, брифинзи, интервјуа и друго; - учествува во подготвување на настани, кампањи, семинари, објави на комерцијални и службени огласи, уредување и публикување на информативен материјал (екстерен и интерен) на Царинската управа (стратешки план, годишен извештај, брошури, колумни и други) активности; - учествува во организирање средби на директорот со претставниците на медиумите; - изработува информации и други материјали за потребите на директорот; - го следи домашниот печат и електронските медиуми; - ја евидентира, ажурира и организира мрежата на новинари; - учествува во координацијата со јавноста и внатрешното информирање на организационите единици на Царинска управа; - ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија).

Реден број	5.
Шифра	ЦАР 01 01 В03 001
Ниво	В3
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за односи со јавност и графички дизајн
Број на извршители	3
Одговара пред	Шеф на служба за односи со јавност
Вид на образование	Правни науки, Наука за јазикот (Лингвистика), Ликовна уметност
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно обезбедување на материјали потребни за изработка на известувања и информирање на јавноста и графички дизајн
Работни задачи и обврски	- ги следи законите, подзаконските акти и интерните документи и предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - учествува во организирањето на средби на директорот со претставниците на медиумите; - учествува во подготвување на настани, кампањи, семинари, објави на комерцијални и службени огласи, графичко уредување и публикување на информативен

	материјал (екстерен и интерен) на Царинската управа (стратешки план, годишен извештај, брошури, колумни и друго) и други активности; - учествува во изработката на информации и други материјали за потребите на директорот, го следи домашниот печат и електронските медиуми и учествува во евидентирање, ажурирање и организирање на мрежата на новинари; - изработува дизајн за печатење или дигитална употреба за потребите на Царинската управа, врши професионално фотографирање на настани и официјални средби организирани од Царинската управа или во кои учествува Царинската управа; - врши визуелно техничка обработка на фотографии потребни за работни материјали во доменот на службата; - техничка обработка на текстови и материјали за објавување на веб страната на Царинската управа и социјалните медиуми; - учествува во координацијата со јавноста и внатрешното информирање на организационите единици на службата; - ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија).

1.2 Служба за коресподенција и организациски работи

Реден број	6.
Шифра	ЦАР 01 01 Б03 002
Ниво	Б3
Звање	Шеф на служба
Назив на работно место	Шеф на служба за коресподенција и организациски работи
Број на извршители	1
Одговара пред	Началник на одделение кабинет на директор
Вид на образование	Правни науки, Наука за книжевност, Наука за јазикот (Лингвистика)
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно раководење, организирање, планирање, следење, унапредување и координирање на работата на службата
Работни задачи и обврски	- раководи, планира, организира, следи, унапредува и ја координира работата во службата за законито, навремено и ефикасно извршување на надлежностите; - ги следи и превзема мерки за правилна примена на законите, подзаконските акти и интерните документи и

	предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; превзема мерки за реализација на стратегиите и плановите од надлежност на службата; - ги утврдува ризиците, превзема и спроведува мерки за градење на интегритетот на вработените во службата; - врши анализа на материјалите кои се упатени до директорот; - помага при подготовката на анализи, информации и извештаи за потребите на директорот; - учествува во изработката на стручно - аналитички и други материјали, како и записници и заклучоци од состаноците на директорот и го следи нивното понатамошно извршување; - учествува во координацијата со јавноста и внатрешното информирање на организационите единици во Царинската управа; - по потреба одговара на дел од поштата, упатена до директорот на Царинската управа; - организира службени патувања на директорот и други работи непосредно врзани со функцијата на директорот и организацијата на неговото работење и организира авиобилети за вработените кои патуваат во странство; - ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија).

Реден број	7.
Шифра	ЦАР 01 01 В01 002
Ниво	В1
Звање	Самостоен советник
Назив на работно место	Самостоен советник за коресподенција
Број на извршители	1
Одговара пред	Шеф на служба за коресподенција и организациски работи
Вид на образование	Правни науки, Наука за книжевност, Наука за јазикот (Лингвистика)
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно изработување на стручни анализи, информации и извештаи
Работни задачи и обврски	- ги следи законите, подзаконските акти и интерните документи и предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - подготвува и изработува анализи, информации и извештаи за потребите на директорот;

	- подготвува и изработува стучно - аналитички и други материјали, записници и заклучоци од состаноците на директорот и го следи нивното понатамошно извршување; - учествува во координација со јавноста и внатрешното информирање на организационите единици на Царинската управа; - по потреба одговара на дел од поштата, упатена до директорот на Царинската управа; - ги извршува работите и задачите од надлежност на службата што се однесуваат на примањето на материјалите за и од седниците на Владата на Република Северна Македонија; - ги собира изготвените мислења и ставови од материјалите за седниците на Владата на Република Северна Македонија и ги распоредува до организационите единици на Царинска управа; - учествува во организирање на службени патувања на директорот и други работи непосредно врзани со функцијата на директорот и организацијата на неговото работење и набавува авиобилети за вработените кои патуваат во странство; - ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија).

Реден број	8.
Шифра	ЦАР 01 01 В01 002
Ниво	В1
Звање	Самостоен советник
Назив на работно место	Самостоен советник за јазична редакција и лекторирање
Број на извршители	1
Одговара пред	Шеф на служба за коресподенција и организациски работи
Вид на образование	Правни науки, Наука за книжевност, Наука за јазикот (Лингвистика)
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно рвшење на работи кои се однесуваат на јазична редакција, лекторирање и конечна редакција
Работни задачи и обврски	- ги следи законите, подзаконските акти и интерните документи и предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - ги извршува работите што се однесуваат на јазичната редакција на законските текстови, подзаконските акти,

	анализи и информации и други материјали што се изготвуваат во Царинската управа; - врши јазична редакција на материјалите што се подготвуваат за седниците на Владата и на Собранието на Република Северна Македонија, како и на материјали што се доставуваат до други органи, организации и установи; - ги лекторира публикациите, билтените и другата стручна литература што ја издава Царинската управа; - по потреба ги лекторира материјалите што се подготвуваат во рамки на Царинската управа, а се за интерна употреба; - ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија).

Реден број	9.
Шифра	ЦАР 01 01 В01 002
Ниво	В1
Звање	Самостоен советник
Назив на работно место	Самостоен советник за организациски работи
Број на извршители	1
Одговара пред	Шеф на служба за коресподенција и организациски работи
Вид на образование	Правни науки, Наука за книжевност, Наука за јазикот (Лингвистика)
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно организирање на материјали за состаноци на директорот
Работни задачи и обврски	- ги следи законите, подзаконските акти и интерните документи и предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - организира и подготвува материјали за состаноци на директорот со советниците на директорот, помошниците директори, началниците на независни одделенија, управниците и други форми на раководење (комитети, работни групи и др.) и изготвува записници од одржаните состаноци; - ги средува и чува материјалите од состаноците на кои присуствувал директорот и други материјали согласно прописите на архивско и канцелариско работење; - изготвува извештаи, дописи и други документи кои ги потпишува директорот на Царинска управа; - прима и упатува телефонски и електронски пораки и упатува странки; - остварува контакти со министерствата и други органи,

	правни и физички лица заради вршење на работи од надлежност на Царинската управа; - организира службени патувања на директорот и други работи непосредно врзани со функцијата на директорот и организацијата на неговото работење и набавува авиобилети за вработените кои патуваат во странство; - ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија).

Реден број	10.
Шифра	ЦАР 01 01 В03 001
Ниво	В3
Звање	Советник
Назив на работно место	Советник за коресподенција и организациски работи
Број на извршители	1
Одговара пред	Шеф на служба за коресподенција и организациски работи
Вид на образование	Правни науки, Наука за книжевност, Наука за јазикот (Лингвистика)
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно изработување на стручни извештаи и информации, учество во организирање на средби и состаноци
Работни задачи и обврски	- ги следи законите, подзаконските акти и интерните документи и предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - организира и подготвува материјали за состаноци на директорот со советниците на директорот, помошниците директори, началниците на независни одделенија, управниците и други форми на раководење (комитети, работни групи и др.) и изготвува записници од одржаните состаноци; - ги средува и комплетира материјалите на директорот за колегиум и за стручни состаноци поврзани со извршување на надлежностите на Царинската управа; - ги средува, комплетира и чува материјалите од состаноците согласно прописите на архивско и канцелариско работење; - изготвува извештаи, дописи и други документи кои ги потпишува директорот на Царинска управа; - прима и испраќа телефонски и електронски пораки и прима и упатува странки; - ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и

	интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија).

Реден број и шифра	11.
Шифра	ЦАР 01 01 Г01 001
Ниво	Г1
Звање	Оператор
Назив на работно место	Оператор за коресподенција и организациски работи
Број на извршители	4
Одговара пред	Шеф на служба за коресподенција и организациски работи
Вид на образование	Вишо или средно образование
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно вршење на административно технички работи
Работни задачи и обврски	- ги следи законите, подзаконските акти и интерните документи и предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - собира, средува и чува добиена пошта, документација и сите предмети упатени до директорот и Царинската управа; - прима и испраќа телефонски и електронски пораки во врска со извршување на надлежностите на директорот; - ги проследува материјалите што ги доставуваат раководителите на организационите единици на увид и потпис на директорот, добиената пошта и останатата документација поврзана со целокупната внатрешна и надворешна коресподенција, ја евидентира и се грижи за нејзино правилно доставување до внатрешните организациони единици или други органи; - води евиденција за доверените работи; - работи со документи, одговорен е за нивно навремено доделување и ги следи и применува прописите за канцелариско и архивско работење; - ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија).

Реден број	12.
Шифра	УПР 01 01 Г01 000
Ниво	Г1
Звање на работно место	Самостоен референт
Назив на работно место	Самостоен референт-технички секретар на директорот

Број на извршители	1
Одговара пред	Шеф на служба за коресподенција и организациски работи
Вид на образование	Више или средно образование (гимназиско и економско)
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно спроведување на општи административни работи
Работни задачи	- ги следи законите, подзаконските акти и интерните документи и предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - собира, средува и чува добиена пошта, документација и сите предмети упатени до директорот и Царинската управа; - прима и испраќа телефонски и електронски пораки во врска со извршување на надлежностите на директорот; - ги проследува материјалите што ги доставуваат раководителите на организационите единици на увид и потпис на директорот, добиената пошта и останатата документација поврзана со целокупната внатрешна и надворешна коресподенција, ја евидентира и се грижи за нејзино правилно доставување до внатрешните организациони единици или други органи; - води евиденција за доверените работи; - работи со документи, одговорен е за нивно навремено доделување и ги следи и применува прописите за канцелариско и архивско работење; - ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија).

2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Реден број	13.
Шифра	ЦАР 01 01 Б02 002
Ниво	Б2
Звање	Началник на одделение
Назив на работно место	Началник на одделение за внатрешна ревизија
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор
Вид на образование	Високо образование
Други посебни услови	Работно искуство најмалку 3 години во областа на внатрешната или надворешната ревизија и поминал обука и положил испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор согласно Програмата за полагање на испит за овластен внатрешен ревизор или поседува меѓународно признат ревизорски сертификат.
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно раководење,

	организирање, планирање, следење, унапредување и координирање на работата на одделението
Работни задачи и обврски	- раководи, планира, организира, следи, унапредува и ја координира работата во одделението за законито, навремено и ефикасно извршување на надлежностите; - ги следи и превзема мерки за правилна примена на законите, подзаконските акти и интерните упатства, предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - ги утврдува ризиците, превзема и спроведува мерки за градење на интегритетот на вработените во одделението; - изготвува стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија врз основа на проценката на ризикот и по одобрувањето од директорот на Царинската управа го обезбедува нивното спроведување и следење и подготвува квартални и годишни извештаи за работењето на внатрешната ревизија; - го информира директорот на Царинската управа доколку се појави сомнеж за нерегуларности и/или измами кои може да резултираат со кривична, прекршочна или дисциплинска постапка; - се грижи за квалитетно извршување на внатрешната ревизија, евидентирање на ревизорските активности, чување на документите од ревизиите и примената на насоките дадени од министерот за финансии; - го доставува конечниот ревизорски извештај до директорот на Царинската управа и до раководителите на организационите единици во Царинската управа чие работење било предмет на ревизијата и го следи спроведувањето на препораките од извршените ревизии и акционите планови; - иницира, предлага ставови и дава совети до директорот при одлучување на највисоко ниво по начелни прашања од надлежност на одделението; - ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија).

Реден број	14.
Шифра	ЦАР 01 01 В01 002
Ниво	В1
Звање	Самостоен советник
Назив на работно место	Самостоен советник внатрешен ревизор
Број на извршители	3

Одговара пред	Началник на одделение за внатрешна ревизија
Вид на образование	Високо образование
Други посебни услови	Работно искуство најмалку 2 години во внатрешната или надворешната ревизија
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно вршење на работи кои се однесуваат на внатрешна ревизија на субјекти
Работни задачи и обврски	- ги следи законите, подзаконските акти и интерните документи и предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - го спроведува годишниот план за ревизија, го информира раководителот на организационата единица во која се врши ревизија за почетокот на ревизијата и го презентира писмото за овластување; - ги проучува документите и состојбата неопходни за формирање на објективно мислење; - ги образложува наодите објективно и вистинито во писмена форма и ги поткрепува со докази; - го информира веднаш началникот на одделението за внатрешна ревизија ако во текот на ревизијата се појави сомнеж за нерегуларност, измама или корупција кој може да резултира со кривична, прекршочна или дисциплинска постапка; - изготвува нацрт ревизорски извештај кој го разгледува и усогласува со одговорните лица во ревидираниот субјект, изготвува и доставува претходен и конечен ревизорски извештај до началникот на одделението за внатрешна ревизија и ги чува сите работни документи во досието за внатрешна ревизија; - го известува веднаш началникот на одделението за внатрешна ревизија во случај на конфликт на интереси во врска со ревизијата; - чува каква било државна, службена или деловна тајна која ќе ја открие при спроведувањето на ревизијата; - го следи спроведувањето на превземените мерки од раководителите на ревидираните организациски единици врз основа на препораките од ревизорските извештаи; - ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија).

Реден број	15.
Шифра	ЦАР 01 01 В03 001
Ниво	В3

Звање	Советник
Назив на работно место	Советник внатрешен ревизор на обука
Број на извршители	1
Одговара пред	Началник на одделение за внатрешна ревизија
Вид на образование	Високо образование
Други посебни услови	Без работно искуство
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно вршење на работи кои се однесуваат на внатрешна ревизија на субјекти
Работни задачи и обврски	- ги следи законите, подзаконските акти и интерните документи и предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - го спроведува годишниот план за ревизија, ги проучува документите и состојбата неопходни за формирање на објективно мислење; - ги образложува наодите објективно и вистинито во писмена форма и ги поткрепува со докази; - учествува во изготвување на нацрт, претходен и конечен ревизорски извештај; - го информира веднаш началникот на одделението за внатрешна ревизија ако во текот на ревизијата се појави сомнеж за нерегуларност, измама или корупција кој може да резултира со кривична, прекршочна или дисциплинска постапка; - го известува веднаш началникот на одделението за внатрешна ревизија во случај на конфликт на интереси во врска со ревизијата; - чува каква било државна, службена или деловна тајна која ќе ја открие при спроведувањето на ревизијата; - ги чува сите работни документи во досието за внатрешна ревизија; - го следи спроведувањето на превземените мерки од раководителите на ревидираните организациски единици врз основа на препораките од ревизорските извештаи; - ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија).

3. **СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА, ПРОЕКТИ И СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ**

Реден број	16.
Шифра	ЦАР 01 01 Б01 001
Ниво	Б1
Звање	Помошник директор
Назив на работно место	Помошник директор на Сектор за меѓународна соработка и

	европска интеграција, проекти и стратешко планирање
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор
Вид на образование	Правни науки, Политички науки, Наука за јазикот (Лингвистика)
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно раководење, организирање, планирање, следење, унапредување и координирање на работата во Секторот
Работни задачи и обврски	- раководи, планира, организира, следи, унапредува и ја координира работата во секторот за законито, навремено и ефикасно извршување на надлежностите; - ги следи и превзема мерки за правилна примена на законите, подзаконските акти и интерните документи и предлага нивна измена, дополнување или носење на нови, ги утврдува ризиците, превзема и спроведува мерки за градење на интегритетот на вработените; - превзема мерки за реализација на стратегиите и плановите од надлежност на секторот; - остварува внатрешна и надворешна комуникација во врска со надлежностите на Секторот; - иницира, предлага ставови и дава совети до Директорот при одлучување на највисоко ниво по начелни прашања од надлежност на Секторот; - ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија).

3.1 **Одделение за меѓународна соработка и европска интеграција**

Реден број	17.
Шифра	ЦАР 01 01 Б02 002
Ниво	Б2
Звање	Началник на одделение
Назив на работно место	Началник на одделение за меѓународна соработка и европска интеграција
Број на извршители	1
Одговара пред	Помошник директор на Сектор за меѓународна соработка и европска интеграција, проекти и стратешко планирање
Вид на образование	Правни науки, Политички науки, Наука за јазикот (Лингвистика)
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно раководење, планирање, организирање, следење, унапредување и координирање на

	работата во одделението
Работни задачи и обврски	- раководи, планира, организира, следи, унапредува и ја координира работата во одделението за законито, навремено и ефикасно извршување на надлежностите; - ги следи и превзема мерки за правилна примена на законите, подзаконските акти и интерните документи и предлага нивна измена, дополнување или носење на нови, ги утврдува ризиците, превзема и спроведува мерки за градење на интегритетот на вработените; - превзема мерки за реализација на стратегиите и плановите од надлежност на одделението; - ја следи, координира и учествува во меѓународната царинска соработка преку подготовка на материјали, учество на меѓународни состаноци, регионални иницијативи, конференции и средби на билатерално и мултилатерално ниво; - ја координира соработката со Светската царинска организација, Светската трговска организација Светската Банка, Европската Комисија, дипломатски и конзуларни претставништва и останатите меѓународни организации и институции; - врши координација и раководи со активностите на Царинската управа за интеграција во Европската унија учествува во работата и редовно доставува извештаи за меѓународните активности на Царинска управа во соработка со други надлежни органи во земјата; - координира превод за потребите на Царинската управа, вклучително и превод на документација за потребите на ИПА програмите. - ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија).

3.1.1 Служба за меѓународна соработка и европска интеграција

Реден број	18.
Шифра	ЦАР 01 01 Б03 002
Ниво	Б3
Звање	Шеф на служба
Назив на работно место	Шеф на служба за меѓународна соработка и европска интеграција
Број на извршители	1
Одговара пред	Началник на одделение за меѓународна соработка и европска интеграција
Вид на образование	Правни науки, Економски науки, Наука за јазикот

	(Лингвистика)
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно раководење, организирање, планирање, следење, унапредување и координирање на работата на службата
Работни задачи и обврски	- раководи, планира, организира, следи и ја координира работата на службата за законито, навремено и ефикасно извршување на надлежностите на службата и превзема мерки за реализација на стратегиите и плановите од надлежност на одделението, ги следи и превзема мерки за правилна примена на законите, подзаконските акти и интерните документи и предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - ги утврдува ризиците, превзема и спроведува мерки за градење на интегритетот на вработените, ја следи, координира и унапредува меѓународната царинска соработка преку подготовка на материјали за меѓународни состаноци, регионални иницијативи, конференции и средби на билатерално и мултилатерално ниво; - иницира, следи и ја координира соработката со Светската царинска организација, Светската трговска организација, Светската Банка, Европската Комисија, дипломатски и конзуларни претставништва и останатите меѓународни организации и институции; - подготовува, учествува и координира меѓународни настани и официјални посети на Царинска управа во земјата и странство, поврзани со меѓународни иницијативи и активности; - остварува соработка и комуникација со Секретаријатот за европски прашања и останатите надлежни институции и органи во врска со реализација на ИПА програмите; - учествува во координација и мониторинг на имплементација на активностите поврзани со ИПА проектите или други проекти финансирани или кофинансирани од странски фондови, во соработка со другите организациони единици во Царинската управа; - учествува во координација, имплементација и мониторинг на активностите поврзани со реализација на Програмата "Царина" на ЕУ, доставува извештаи до Министерството за финансии и Владата за меѓународните активности на Царинската управа и нејзината соработка со другите царински служби од регионот и Европска унија; - ги координира и раководи со активностите на Царинската управа во процесот на интеграцијата во Европската унија и ја координира подготовката на материјали за следење на превземените обврски и дадените препораки, предлага и учествува во обука за европските интеграции и други

	прашања од надлежност на службата, го следи исполнувањето на обврските на Царинската управа утврдени со Националната програма за усвојување на правото на Европската унија и другите акти, со кои е уредена соработката со Европската унија и нејзините земји членки и го следи напредокот и развојот на процесот на стабилизација и асоцијација во областите за кои е надлежна Царинската управа; - ја координира соработката со Европската комисија и останатите надлежни органи и тела вклучени во процесот за европска интеграција, зема учество во работата на меѓуресорските работни групи за подготовка на преговарачките позиции, учествува во преговорите и ја следи примената на препораките кои се однесуваат на Поглавјето "Царинска Унија", соработува и посредува во комуникацијата со надворешни надлежни органи во врска со ИПА програмите; - ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија).

Реден број	19.
Шифра	ЦАР 01 01 В01 002
Ниво	В1
Звање	Самостоен советник
Назив на работно место	Самостоен советник за царински прашања со постојана мисија на Република Северна Македонија во Брисел
Број на извршители	1
Одговара пред	Шеф на служба за меѓународна соработка и европска интеграција
Вид на образование	Правни науки, Економски науки, Наука за јазикот (Лингвистика)
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно вршење на работи кои се однесуваат на застапување на интересите на Царинската управа на Република Северна Македонија во Европската унија во Брисел
Работни задачи и обврски	- ги следи законите, подзаконските акти и интерните документи и предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - ги утврдува потребните параметри и методи за испитување на мострите, врз основа на забелешките од Законот за царинска тарифа и коментарските забелешки на хармонизираниот систем и расположливите аналитички методи за испитување, извршува физичко-хемиски испитувања на истите и соработува со други надлежни институции за испитување на мостри на стоки; - изготвува барања за анализа со утврдените параметри за физичко-хемиски анализи на мостри, кои се спроведуваат во други лаборатории, ги анализира резултатите од спроведените анализи и изготвува писмени извештаи за резултатите од испитувањата; - изготвува записници за резултатите од извршените анализи или проверки на земените мостри со мислење за распоредување согласно Царинската тарифа; - ги следи и применува стандардните и интерни лабораториски методи; - учествува во воведување на нови методи за анализа и при валидација на истите; - проучува и предлага набавка на апарати, инструменти и потрошен материјал за лабораторијата како и соодветна стручна литература, се грижи за правилна експлоатација и одржување на лабораториската опрема; - ги следи прописите на Европска Унија и учествува во прилагодување на националното законодавство со прописите на Европска Унија. - ги следи и применува стандардните и интерни лабораториски методи и ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија).

Реден број	68.
Шифра	ЦАР 01 01 Г02 001
Ниво	Г2
Звање	Административен оператор
Назив на работно место	Административен оператор за царинска лабораторија
Број на извршители	2

Одговара пред	Началник на одделение за царинска лабораторија
Вид на образование	Вишо или средно образование
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно вршење на административно технички работи
Работни задачи и обврски	- ги следи законите, подзаконските акти и интерните документи и предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - ја подготвува и обработува административно-техничката документација за потребите на одделението, прима и предава пошта во архивата на Царинска управа заради преземање и обработка на предметите; - ја евидентира целокупната писмена документација и внесува податоци во сите бази поврзано со работењето на одделението; - врши прием на мостри за анализа, нивно евидентирање, сместување во соодветниот магацин, нивна достава до соодветни надворешни институции заради анализа и селекција на мострите за уништување или враќање согласно важечката регулатива и упатства; - прима набавени хемикалии и стакларија за потребите на Царинската лабораторија, ги сместува во соодветниот магацин и води евиденција во базата за магацинско работење; - го одржува магацинот за чување на мостри и магацинот за чување на потрошен материјал (хемикалии и стакларија); - се грижи за снабдување со канцелариски материјал и други административно технички работи за потребите на одделението; - ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија).

6 СЕКТОР ЗА АКЦИЗИ

Реден број	69.
Шифра	ЦАР 01 01 Б01 001
Ниво	Б1
Звање на работно место	Помошник директор
Назив на работно место	Помошник директор на Сектор за акцизи
Број на извршители	1
Одговара пред	Директор
Вид на образование	Економски науки, Правни науки, Организациони науки и управување (менаџмент)

Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно раководење, организирање, планирање, следење, унапредување и координирање на работата во Секторот
Работни задачи и обврски	- раководи, организира, планира, следи, ја унапредува и координира работата на одделенијата во Секторот за законито, навремено и ефикасно извршување на надлежностите; - ги следи и превзема мерки за правилна примена на законите, подзаконските акти и интерните документи и предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - ги утврдува ризиците, превзема и спроведува мерки за градење на интегритетот на вработените; - превзема мерки за реализација на стратегиите и плановите од надлежност на Секторот; - остварува внатрешна и надворешна комуникација во врска со надлежностите на Секторот; - иницира, предлага ставови и дава совети до директорот при одлучување на највисоко ниво по начелни прашања од надлежност на Секторот; - ги проценува активностите во рамките на Секторот со личен придонес во најсложени работи; - ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија); - донесува акти во првостепена управна постапка кои се во надлежност на Секторот.

6.1 Одделение за алкохол и алкохолни пијалоци и тутунски производи

Реден број	70.
Шифра	ЦАР 01 01 Б02 002
Ниво	Б2
Звање на работно место	Началник на одделение
Назив на работно место	Началник на одделение за алкохол и алкохолни пијалоци и тутунски производи
Број на извршители	1
Одговара пред	Помошник директор на Сектор за акцизи
Вид на образование	Економски науки, Правни науки, Организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно раководење, организирање, планирање, следење, унапредување и координирање на работата во одделението

Работни задачи и обврски	- раководи, планира, организира, следи, унапредува и ја координира работата на одделението за законито, навремено и ефикасно извршување на надлежностите и превзема мерки за реализација на стратегиите и плановите од надлежност на одделението; - ги следи и превзема мерки за правилна примена на законите, подзаконските акти и интерните документи и предлага нивна измена, дополнување или носење на нови, ги утврдува ризиците, превзема и спроведува мерки за градење на интегритетот на вработените; - го следи, проверува и одобрува целокупниот процес на наплата на акцизи за алкохол и алкохолни пијалаци и тутунски производи кои се во надлежност на одделението; - проверува и одобрува решенија и акцизни декларации од надлежност на одделението во електронски систем СОЦДАД; - предлага формирање на тимови и комисии заради спроведување на надлежностите на секторот, одобрува проверки кај акцизни обврзници за утврдување на документарната со фактичка состојба и одобрува барања за поведување на прекршочна постапка; - координира и остварува соработката со другите организациони единици во Царинската управа и со други институции и дава насоки и стручна помош во врска со прашања од надлежност на одделението; - организира и учествува на настани, подготвува официјални ставови и мислења и учествува во меѓународни активности на Царинската управа од надлежност на одделението; - ги следи прописите на Европска Унија и учествува во прилагодување на националното законодавство со прописите на Европска Унија и учествува во стручно образование на царинските службеници и другите учесници во царинската постапка; - ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија); - во отсуство на помошник директорот на Секторот за акцизи со донесено овластување донесува акти во првостепена управна постапка кои се во надлежност на секторот.

Реден број	71.

Шифра	ЦАР 01 01 В01 002
Ниво	В1
Звање на работно место	Самостоен советник
Назив на работно место	Самостоен советник за алкохол и алкохолни пијалоци и тутунски производи
Број на извршители	3
Одговара пред	Началник на одделение за алкохол и алкохолни пијалоци и тутунски производи
Вид на образование	Економски науки, Правни науки, Организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно администрирање на процесот на наплата на акциза за алкохол и алкохолни пијалоци и тутунски производи
Работни задачи и обврски	- ги следи и превзема мерки за правилна примена на законите, подзаконските акти и интерните документи и предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - во електронскиот систем во модулот Акцизи ја спроведува целокупната постапка за планирање, печатење, издавање на акцизни марки, раздолжување на акцизни марки, како и доплата на акциза за нераздолжени акцизни марки во надлежност на одделението; - иницира проверки кај акцизните обврзници, изготвува записник за прекршок, издава прекршочен односно мандатен платен налог и изготвува барање за поведување прекршочна постапка; - води управна постапка со обработка во електронскиот систем на Царинска управа, ги контролира и обработува акцизните пријави и декларации, спроведува постапки за проверка на точноста на податоците и врши обработка и анализа на извештаи за попис на залихи на акцизни добра во акцизен склад и имателиа на одобренија; - спроведува постапки за наплатата на акцизите според видот на настанатите обврски и законските прописи; - учествува во тимови формирани заради спроведување на надлежностите на секторот, комисии за попис и уништување на акцизни марки и акцизни добра и врши контроли во печатница за акцизни марки; - изготвува информации и извештаи од надлежност на одделението, води регистар на корисници на акцизни марки и води евиденции за извршените работи; - дава насоки и стручна помош во врска со прашања од надлежност на одделението; - ги следи прописите на Европска Унија и предлага прилагодување на националното законодавство со прописите на Европска Унија и ги следи и реализира

	обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија); - води постапка заради донесување на акти во првостепена управна постапка кои се во надлежност на одделението.

Реден број	72.
Шифра	ЦАР 01 01 В03 001
Ниво	В3
Звање на работно место	Советник
Назив на работно место	Советник за алкохол и алкохолни пијалоци и тутунски производи
Број на извршители	1
Одговара пред	Началник на одделение за алкохол и алкохолни пијалоци и тутунски производи
Вид на образование	Економски науки, Правни науки, Организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно администрирање на процесот на наплата на акциза за алкохол и алкохолни пијалоци и тутунски производи
Работни задачи и обврски	- ги следи и превзема мерки за правилна примена на законите, подзаконските акти и интерните упатства, предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - во електронскиот систем во модулот Акцизи ја спроведува целокупната постапка за планирање, печатење, издавање на акцизни марки, раздолжување на акцизни марки, како и доплата на акциза за нераздолжени акцизни марки во надлежност на одделението; - иницира проверки кај акцизните обврзници, изготвува записник за прекршок, издава прекршочен односно мандатен платен налог и изготвува барање за поведување прекршочна постапка; - води управна постапка со обработка во електронскиот систем на Царинска управа, ги контролира и обработува акцизните декларации, спроведува постапки за проверка на точноста на податоците и врши обработка и анализа на извештаи за попис на залихи на акцизни добра во акцизен склад и имателиа на одобренија; - спроведува постапки за наплатата на акцизите според видот на настанатите обврски и законските прописи; - учествува во тимови формирани заради спроведување на надлежностите на секторот, комисии за попис и

	уништување на акцизни марки и акцизни добра и врши контроли во печатница за акцизни марки; - изготвува информации и извештаи од надлежност на одделението, води регистар на корисници на акцизни марки и води евиденции за извршените работи; - дава насоки и стручна помош во врска со прашања од надлежност на работењето на одделението; - ги следи прописите на Европска Унија и предлага прилагодување на националното законодавство со прописите на Европска Унија и ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија); - води постапка заради донесување на акти во првостепена управна постапка кои се во надлежност на одделението.

Реден број	73.
Шифра	ЦАР 01 01 Г02 001
Ниво	Г2
Звање на работно место	Административен оператор
Назив на работно место	Административен оператор за алкохол и алкохолни пијалоци и тутунски производи
Број на извршители	1
Одговара пред	Началник на одделение за алкохол и алкохолни пијалоци и тутунски производи
Вид на образование	Вишо или средно образование
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно вршење на административно технички работи
Работни задачи и обврски	- ги следи законите, подзаконските акти и интерните упатства, предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - ги обработува известувањата за започнување на производство и известувањата за произведени количини жесток алкохолен пијалок и барања за подигнување на акцизни марки, поднесени од земјоделци-мали производители на жестоки алкохолни пијалоци во електронскиот систем на Царинска управа во модулот Акцизи; - врши обработка и евидентирање на приемниците за отпечатени акцизни марки за земјоделци-мали производители на жестоки алкохолни пијалаци, ја следи испораката на акцизните марки до Трезорот на Народната

	банка, ги подигнува акцизните марки за замјоделци од Трезорот на Народна банка на Република Северна Македонија или друг пропишан простор и врши нивно издавање; - врши прием, евидентирање и чување на испечатени акцизни марки за обележување на жестоки алкохолни пијалаци произведени од земјоделци, издавање и евидентирање на издадени акцизни марки на земјоделци, производители на жестоки алкохолни пијалаци; - води евиденција за состојбата на залихи на акцизни марки по видови и по акцизни обврзници и соодветно доставува извештаи; - врши прием, евидентирање, чување и раздолжување на вратени оштетени или неупотребени акцизни марки за тутунски производи и алкохолни пијалаци; - изготвува записник за наод, записник за прекршок, издава мандатен односно прекршочен платен налог, изготвува барање за поведување на прекршочна постапка, изготвува предлози за наплата на камати за ненавремено плаќање на акцизен долг од надлежност на одделението, учествува во тимови формирани заради спроведување на надлежностите на секторот, комисии за попис и уништување на акцизни марки и акцизни добра и врши контроли во печатница за акцизни марки; - ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија).

6.2 Одделение за енергенти и електрична енергија и моторни возила

Реден број	74.
Шифра	ЦАР 01 01 Б02 002
Ниво	Б2
Звање на работно место	Началник на одделение
Назив на работно место	Началник на одделение за енергенти и електрична енергија и моторни возила
Број на извршители	1
Одговара пред	Помошник директор на Сектор за акцизи
Вид на образование	Економски науки, Правни науки, Организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно раководење, организирање, планирање, следење, унапредување и координирање на работата во одделението

Работни задачи и обврски	- раководи, планира, организира, следи, ја унапредува и ја координира работата на одделението за законито, навремено и ефикасно извршување на надлежностите, превзема мерки за реализација на стратегиите и плановите од надлежност на одделението; - ги следи и превзема мерки за правилна примена на законите, подзаконските акти и интерните документи, предлага нивна измена, дополнување или носење на нови, ги утврдува ризиците, превзема и спроведува мерки за градење на интегритетот на вработените; - го следи, проверува и одобрува целокупниот процес на наплата на акцизи за енергенти, електрична енергија и моторни возила кои се во надлежност на одделението; - предлага формирање на тимови и комисии заради спроведување на надлежностите на секторот, проверува и одобрува решенија и акцизни декларации од надлежност на одделението во електронски систем на Царинска управа; - одобрува проверки кај акцизни обврзници за утврдување на документарната со фактичка состојба и одобрува барања за поведување на прекршочна постапка; - координира и остварува соработка со другите организациони единици во Царинската управа и со други институции и дава насоки и стручна помош во врска со прашања од надлежност на одделението; - организира и учествува на настани, подготвува официјални ставови и мислења и учествува во меѓународни активности на Царинската управа по прашања и теми кои се од надлежност на одделението; - ги следи прописите на Европска Унија и учествува во прилагодување на националното законодавство со прописите на Европска Унија и учествува во стручно образование на царинските службеници и другите учесници во царинската постапка; - ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија); - во отсуство на помошник директорот на Секторот за акцизи со донесено овластување донесува акти во првостепена управна постапка кои се во надлежност на секторот.

Реден број	75.

Шифра	ЦАР 01 01 B01 002
Ниво	B1
Звање на работно место	Самостоен советник
Назив на работно место	Самостоен советник за енергенти и електрична енергија и моторни возила
Број на извршители	4
Одговара пред	Началник на одделение за енергенти и електрична енергија и моторни возила
Вид на образование	Економски науки, Правни науки, Организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно спроведува постапка на оданочување со акциза на енергенти и електрична енергија и моторни возила потребни евиденции и анализи
Работни задачи и обврски	- ги следи законите, подзаконските акти и интерните упатства, предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - во електронскиот систем на Царинска управа спроведува постапка за обработка на акцизни декларации, акцизни документи, пописи на залихи, извештаи и други пропишани документи од надлежност на одделението со цел правилно оданочување со акциза на енергенти и електрична енергија и моторни возила; - ја спроведува постапката за враќање на наплатена акциза за течен нафтен гас, враќање на платена акциза на дипломатски и козуларни претставништва и меѓународни организации, како и ослободување од акциза на енергенти при реализација на проекти; - го води регистарот на производители и увозници на моторни возила, врши обработка на пријави за данок на моторни возила и се грижи за правилна пресметка и наплата на данок на моторни возила; - постапува по барање за остварување на правото за ослободување/враќање на данок на моторни возила и изготвува решенија за враќање на платен данок на моторни возила; - врши обработка на месечни извештаи за продадени и испорачани моторни возила и друга пропишана евиденција; - учествува во тимови и комисии заради спроведување на надлежностите на секторот, иницира проверки кај акцизните обврзници, изготвува записник за прекршок, издава прекршочен односно мандатен платен налог и изготвува барање за поведување прекршочна постапка; - води евиденции за извршените работи и изработува анализи и извештаи од надлежност на одделението;

	- учествување во меѓународни преговори од областа на акцизното, даночното и царинското работење, ги следи прописите на Европска Унија и учествува во прилагодување на националното законодавство со прописите на Европска Унија, ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија); - води постапка заради донесување акти во првостепена управна постапка кои се во надлежност на одделението.

Реден број	76.
Шифра	ЦАР 01 01 В03 001
Ниво	В3
Звање на работно место	Советник
Назив на работно место	Советник за енергенти и електрична енергија и моторни возила
Број на извршители	2
Одговара пред	Началник за одделение за енергенти и електрична енергија и моторни возила
Вид на образование	Економски науки, Правни науки, Организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно спроведува постапка на оданочување со акциза на енергенти и електрична енергија
Работни задачи и обврски	- ги следи законите, подзаконските акти и интерните упатства, предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - во електронскиот систем на Царинска управа спроведува постапка за обработка на акцизни декларации, акцизни документи, пописи на залихи, извештаи и други пропишани документи од надлежност на одделението со цел правилно оданочување со акциза на енергенти и електрична енергија и моторни возила; - ја спроведува постапката за враќање на наплатена акциза за течен нафтен гас, враќање на платена акциза на дипломатски и козуларни претставништва и меѓународни организации, како и ослободување од акциза на енергенти при реализација на проекти; - го води регистарот на производители и увозници на моторни возила, врши обработка на пријави за данок на моторни возил и се грижи за правилна пресметка и наплата на данок на моторни возила;

	- постапува по барање за остварување на правото за ослободување / враќање на данок на моторни возила и изготвува решенија за враќање на платен данок на моторни возила; - врши обработка на месечни извештаи за продадени и испорачани моторни возила и друга пропишана евиденција; - учествува во тимови и комисии заради спроведување на надлежностите на секторот, иницира проверки кај акцизните обврзници, изготвува записник за прекршок, издава прекршочен односно мандатен платен налог и изготвува барање за поведување прекршочна постапка; - води евиденции за извршените работи и изработува анализи и извештаи од надлежност на одделението; - учествување во меѓународни преговори од областа на акцизното, даночното и царинското работење, ги следи прописите на Европска Унија и учествува во прилагодување на националното законодавство со прописите на Европска Унија, ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија); - води постапка заради донесување акти во првостепена управна постапка кои се во надлежност на одделението.

Реден број	77.
Шифра	ЦАР 01 01 Г02 001
Ниво	Г2
Звање на работно место	Административен оператор
Назив на работно место	Административен оператор за администрирање на енергенти и електрична енергија и моторни возила
Број на извршители	1
Одговара пред	Началник на одделение за енергенти и електрична енергија и моторни возила
Вид на образование	Вишо или средно образование
Други посебни услови	/
Работни цели и обврски	Ефикасно, ефективно и квалитетно внесување и обработка на податоци поврзани со постапка на оданочување со акциза на енергенти и електрична енергија и данок на моторни возила
Работни задачи	- ги следи законите, подзаконските акти и интерните упатства, предлага нивна измена, дополнување или носење на нови;

	- води регистри на трговци на големо и мало со горива, дипломатски и конзуларни претставништва и меѓународни организации за акцизни ослободувања, регистри на производители и увозници на моторни возила, како и лица кои бараат враќање на платена акциза за течен нафтен гас употребен како погонско гориво во процес на производство; - врши прием и обработка на податоците од месечен извештај за продадени и испорачани нови и/или употребувани моторни возила доставен од регистрираните производители и трговци со моторни возила; - составува записник по откриен прекршок и издава прекршочен односно мандатен платен налог, изготвува барање за поведување на прекршочна постапка согласно законските прописи од надлежност на одделението; - изготвува информации и извештаи (месечни, квартални, годишни) од надлежност на одделението како и води евиденции за извршените работи; - врши административно-технички работи во надлежност на одделението; - ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија).

6.3 Одделение за акцизни дозволии одобренија

Реден број	78.
Шифра	ЦАР 01 01 Б02 002
Ниво	Б2
Звање на работно место	Началник на одделение
Назив на работно место	Началник на одделение за акцизни дозволи и одобренија
Број на извршители	1
Одговара пред	Помошник директор на Сектор за акцизи
Вид на образование	Економски науки, Правни науки, Организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно раководење, организирање, планирање, следење, унапредување и координирање на работата во одделението
Работни задачи и обврски	- раководи, планира, организира, следи, унапредува и ја координира работата на одделението за законито, навремено и ефикасно извршување на надлежностите и превзема мерки за реализација на стратегиите и

	плановите од надлежност на одделението; - ги следи и превзема мерки за правилна примена на законите, подзаконските акти и интерните документи, предлага нивна измена, дополнување или носење на нови и ги утврдува ризиците, превзема и спроведува мерки за градење на интегритетот на вработените; - го следи, проверува и одобрува целокупниот процес поврзан со администрирање на акцизни дозволи, одобренија и регистрации во надлежност на одделението; - проверува и предлага одобрување на решенија од надлежност на одделението во електронскиот систем на Царинска управа; - предлага формирање на тимови и комисии заради спроведување на надлежностите на секторот, предлага иницијални контроли за издавање на акцизни дозволи и одобренија и предлага спроведување на надзор за исполнување на условите на издадените акцизни дозволи и одобренија, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка; - организира и учествува на настани, подготвува официјални ставови и мислења и учествува во меѓународни активности на Царинската управа по прашања и теми кои се од надлежност на одделението; - дава насоки и стручна помош на организационите единици во Царинската управа и соработува со други институции во врска со прашања од надлежност на одделението; - ги следи прописите на Европска Унија и предлага прилагодување на националното законодавство со прописите на Европска Унија и ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија); - во отсуство на помошник директорот на Секторот за акцизи со донесено овластување донесува акти во првостепена управна постапка кои се во надлежност на одделението.

Реден број	79.
Шифра	ЦАР 01 01 В01 002
Ниво	В1
Звање на работно место	Самостоен советник
Назив на работно место	Самостоен советник за акцизни дозволи и одобренија
Број на извршители	4

Одговара пред	Началник на одделение за акцизни дозволи и одобренија
Вид на образование	Економски науки, Правни науки, Организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно администрирање со акцизни дозволи и одобренија
Работни задачи и обврски	- ги следи законите, подзаконските акти и интерните упатства, предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - учествува во иницијална контрола заради спроведување на постапка за издавање, измена или укинување на акцизни дозволи и одобренија во надлежност на одделението и учествува во тимови и комисии формирани заради спроведување на надлежностите на секторот; - го утврдува износот на гаранции за обезбедување на акцизен долг за држатели на акцизен склад и повластени корисници на акцизни добра и постапува по барања за утврдување на гаранции за акцизен долг со намален износ; - изготвува записник за прекршок, издава прекршочен односно мандатен платен налог и изготвува барање за поведување прекршочна постапка; - дава насоки и стручна помош на организационите единици во Царинската управа и соработува со други институции во врска со прашања од надлежност на одделението; - води евиденции за извршените работи и изработува анализи и извештаи од надлежност на одделението; - ги следи прописите на Европска Унија и предлага прилагодување на националното законодавство со прописите на Европска Унија и ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија); - води постапка заради донесување акти во првостепена управна постапка од надлежност на одделението.

Реден број и шифра	80.
Шифра	ЦАР 01 01 В03 001
Ниво	В3
Звање на работно место	Советник
Назив на работно место	Советник за акцизни дозволи и одобренија
Број на извршители	2
Одговара пред	Началник на одделение за акцизни дозволи и одобренија

Вид на образование	Економски науки, Правни науки, Организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно администрирање со акцизни дозволи и одобренија
Работни задачи и обврски	- ги следи законите, подзаконските акти и интерните упатства, предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - учествува во иницијална контрола заради спроведување на постапка за издавање, измена или укинување на акцизни дозволи и одобренија во надлежност на одделението и учествува во тимови и комисии формирани заради спроведување на надлежностите на секторот; - го утврдува износот на гаранции за обезбедување на акцизен долг за држатели на акцизен склад и повластени корисници на акцизни добра и постапува по барања за утврдување на гаранции за акцизен долг со намален износ; - изготвува записник за прекршок, издава прекршочен односно мандатен платен налог и изготвува барање за поведување прекршочна постапка; - дава насоки и стручна помош на организационите единици во Царинската управа и соработува со други институции во врска со прашања од надлежност на одделението; - води евиденции за извршените работи и изработува анализи и извештаи од надлежност на одделението; - ги следи прописите на Европска Унија и предлага прилагодување на националното законодавство со прописите на Европска Унија и ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија); - води постапка заради донесување акти во првостепена управна постапка од надлежност на одделението.

Реден број и шифра	81.
Шифра	ЦАР 01 01 Г02 001
Ниво	Г2
Звање на работно место	Административен оператор
Назив на работно место	Административен оператор за акцизни дозволи и одобренија
Број на извршители	1
Одговара пред	Началник на одделение за акцизни дозволи и одобренија
Вид на образование	Вишо или средно образование

Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно внесување и обработка на податоци поврзани со акцизни дозволи и одобренија
Работни задачи и обврски	- ги следи законите, подзаконските акти и интерните упатства, предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - ја следи, ажурира и врши јавна објава на електронските регистри на акцизни обврзници, дозволи и одобренија кои се во надлежност на секторот; - го следи рокот на важност на гаранциите за обезбедување на акцизен долг кај имател на акцизна дозвола, одобрение за повластено користење на акцизни добра, акцизни обврзници за електрична енергија, природен гас, јаглен, кокс, лигнит и нафтен кокс и други иматели на одобренија за кои е издадена гаранција; - врши внес и обработка на податоци во електронскиот систем на Царинска управа поврзани со акцизни дозволи и одобренија во надлежност на одделението; - врши административно-технички работи во надлежност на одделението; - изготвува информации и извештаи од надлежност на одделението и води евиденции за извршените работи; - ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија).

6.4 Одделение за надзор, проверка и координација

Реден број	82.
Шифра	ЦАР 01 01 Б02 002
Ниво	Б2
Звање на работно место	Началник на одделение
Назив на работно место	Началник на одделение за надзор, проверка и координација
Број на извршители	1
Одговара пред	Помошник директор на Сектор за акцизи
Вид на образование	Економски науки, Правни науки, Организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно раководење, организирање, планирање, следење, унапредување и координирање на работата во одделението
Работни задачи и обврски	- раководи, планира, организира, следи, унапредува и ја координира работата на одделението за законито, навремено и ефикасно извршување на надлежностите;

	- ги следи и превзема мерки за правилна примена на законите, подзаконските акти и интерните документи, предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - ги утврдува ризиците, превзема и спроведува мерки за градење на интегритетот на вработените; - превзема мерки за реализација на стратегиите и плановите од надлежност на одделението; - раководи со работата на одделението, врши распоред на работите и работните задачите, ја контролира и координира работата на одделението со другите организациони единици; - предлага изменување и дополнување на Законите и подзаконските акти и учествува во измени, дополнувања и изработка на прописи и оперативни инструкции од надлежност на одделението; - ги утврдува ризиците за вршење на проверки, изготвува месечен и годишен план за работа на одделението, и доставува извештаи за работата, по потреба учествува во вршењето на проверки кај имателите на акцизни дозволи и одобренија и кај субјектите за кои Секторот води регистри на субјекти кои работат со акцизни добра и моторни возила; - врши контрола на изготвените барања за иницирање на наплата на акцизен долг произлезен од проверките на одделението; - поднесува барање за поведување на прекршочна постапка; - ги следи законите, подзаконските акти и интерни документи кои се однесуваат на надлежностите на одделението и предлага нивна измена или дополнување; - ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија); - во отсуство на помошник директорот на Секторот за акцизи со донесено овластување донесува акти во првостепена управна постапка кои се во надлежност на одделението.

6.4.1 Служба за надзор, проверка и аналитика

Реден број	83.
Шифра	ЦАР 01 01 Б03 002
Ниво	Б3
Звање на работно место	Шеф на служба

Назив на работно место	Шеф на служба за надзор, проверка и аналитика
Број на извршители	1
Одговара пред	Началник на одделение за надзор, проверка и координација
Вид на образование	Економски науки, Правни науки, Организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно раководење, организирање, планирање, следење, унапредување и координирање на работата во службата
Работни задачи и обврски	- раководи, планира, организира, следи, унапредува и ја координира работата на службата за законито, навремено и ефикасно извршување на надлежностите; - ги следи и превзема мерки за правилна примена на законите, подзаконските акти и интерните документи, предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - ги утврдува ризиците, превзема и спроведува мерки за градење на интегритетот на вработените; - превзема мерки за реализација на стратегиите и плановите од надлежност на службата; - предлага формирање на тимови и комисии заради спроведување на надлежностите на секторот, - по потреба учествува во вршење надзор и проверки кај имателите на акцизни дозволи и одобренија и кај субјектите за кои Секторот води регистри на субјекти кои работат со акцизни добра и моторни возила, согласно надлежностите на секторот; - се грижи за навремено и правилно извршување на надзорот и проверките, предлага активности за натамошно постапување согласно наодите и резултатите од проверките, редовно, навремено и точно информира за текот, наодите и превземените активности од извршениот надзор и проверки; - ги контролира изготвените барања за иницирање на наплата на акцизен долг и барања за поведување на прекршочна постапка; - изработува извештаи и анализи од надлежност на службата; - ги следи прописите на Европска Унија и предлага прилагодување на националното законодавство со прописите на Европска Унија; - ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска

	унија); - води постапка за донесување на акти во првостепена управна постапка.

Реден број	84.
Шифра	ЦАР 01 01 В01 002
Ниво	В1
Звање на работно место	Самостоен советник
Назив на работно место	Самостоен советник за надзор и проверка
Број на извршители	6
Одговара пред	Шеф на служба за надзор, проверка и аналитика
Вид на образование	Економски науки, Правни науки, Организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно вршење проверки кај имателина акцизни дозволи и одобренија и кај субјектите за кои Секторот води регистри на субјекти кои работат со акцизни добра и моторни возила
Работни задачи и обврски	- ги следи законите, подзаконските акти и интерни документи и предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - врши тековни и наменски проверки на исполнетоста на условите на издадените акцизни дозволи и одобренија и проверка на фактичките состојби со акцизните добра кај регистрираните акцизни обврзници; - врши надзор и проверка по појавена потреба кај имателина акцизни дозволи и одобренија и кај субјектите за кои Секторот води регистри на субјекти кои работат со акцизни добра и моторни возила и изготвува записници од извршен надзор и проверка; - учествува во дополнителна проверка на прифатени финални извештаи за раздолжување на акцизни марки за тутунски производи и алкохолни пијалаци, проверка на број и состојба на предадени оштетни и/или вратени акцизни марки; - изготвува барања за иницирање на наплата на акцизен долг произлезен од спроведениот надзоро и проверка, изготвува записник за прекршок, издава прекршочен односно мандатен платен налог, изготвува барање за поведување на прекршочна постапка и води евиденции за извршените работи; - учествува во тимови и комисии формирани заради спроведување на надлежностите на сектрот; - ги следи прописите на Европска Унија и предлага прилагодување на националното законодавство со прописите на Европска Унија;

	- ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија). - води постапка за донесува на акти во првостепена управна постапка.

Реден број	85.
Шифра	ЦАР 01 01 В03 001
Ниво	В1
Звање на работно место	Советник
Назив на работно место	Советник за надзори проверка
Број на извршители	2
Одговара пред	Шеф на служба за надзор, проверка и аналитика
Вид на образование	Економски науки, Правни науки, Организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно вршење надзор и проверки кај имателиа на акцизни дозволи и одобренија и кај субјектите за кои Секторот води регистри на субјекти кои работат со акцизни добра и моторни возила
Работни задачи и обврски	- ги следи законите, подзаконските акти и интерни документи и предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - врши тековни и континуирани проверка на исполнетоста на условите на издадените акцизни дозволи и одобренија и проверка на фактичките состојби со акцизните добра кај регистрираните акцизни обврзници; - врши надзор и проверки кај имателиа на акцизни дозволи и одобренија и кај субјектите за кои Секторот води регистри на субјекти кои работат со акцизни добра и моторни возила и изготвува записници од извршен надзор и проверка; - учествува во дополнителна проверка на прифатени финални извештаи за раздолжување на акцизни марки за тутунски производи и алкохолни пијалаци, проверка на број и состојба на предадени оштетни и/или вратени акцизни марки; - изготвува барања за иницирање на наплата на акцизен долг произлезен од спроведениот надзор и проверки, изготвува записник за прекршок, издава прекршочен односно мандатен платен налог, изготвува барање за поведување на прекршочна постапка и води евиденции за

	извршените работи; - учествува во тимови и комисии формирани заради спроведување на надлежностите на сектрот; - ги следи прописите на Европска Унија и предлага прилагодување на националното законодавство со прописите на Европска Унија; - ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија). - води постапка за донесување на акти во првостепена управна постапка.

Реден број	86.
Шифра	ЦАР 01 01 В01 002
Ниво	В1
Звање на работно место	Самостоен советник
Назив на работно место	Самостоен советник за аналитика
Број на извршители	1
Одговара пред	Шеф на служба за надзор, проверка и аналитика
Вид на образование	Економски науки, Правни науки, Организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно вршење на анализа на податоци за акцизи и подготовка на извештаи
Работни задачи и обврски	- ги следи законите, подзаконските акти и интерни документи и предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - врши собирање, обработка, споредување, проценување, анализирање, внесување и дистрибуција на сите релевантни податоци од надлежност на секторот; - подготвува анализи, статистички извештаи, подготвува податоци за планирање на приходи и изработува извештаи од надлежност на Секторот; - води статистика по извршен надзор и проверки кај акцизни обврзници и води евиденција за констатирани неправилности и превземени мерки; - по потреба учествува во вршење тековни проверки кај имателиа на акцизни дозволи и одобренија и кај субјектите за кои Секторот води регистри на субјекти кои работат со акцизни добра и моторни возила и учествува во изготвување записници од извршена контрола; - врши анализа и проверка на податоците од поднесени

	акцизни декларации за производство, преработка, губење или уништување на акцизни добра и по потреба учествува во тимови за проверка на податоците од декларациите кај акцизните обврзници; - врз основа на изработените извештаи и анализи, предлага мерки за подобрување на работењето и наплатата на акцизи; - ги следи прописите на Европска Унија и предлага прилагодување на националното законодавство со прописите на Европска Унија; - ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија).

Реден број	87.
Шифра	ЦАР 01 01 Г02 001
Ниво	Г2
Звање на работно место	Административен оператор
Назив на работно место	Административен оператор за надзор, проверка и аналитика
Број на извршители	1
Одговара пред	Шеф на служба за надзор, проверка и аналитика
Вид на образование	Вишо или средно образование
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно вршење на административно технички работи
Работни задачи и обврски	- ги следи законите, подзаконските акти и интерни документи и предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - врши административно-технички работи за потребите на службата; - ги подготвува предметите за архивирање по хронолошки ред на под броеви и прилози; - врши попис на архивскиот материјал согласно прописите; - води евиденции за потребите на службата и изработува извештаи од надлежност на службата; - ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија).

6.4.2 Служба за координација и врски (EMCS)

Реден број	88.
Шифра	ЦАР 01 01 Б03 002
Ниво	Б3
Звање на работно место	Шеф на служба
Назив на работно место	Шеф на служба за координација и врски (EMCS)
Број на извршители	1
Одговара пред	Началник на одделение за надзор, проверка и координација
Вид на образование	Економски науки, Правни науки, Организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	/
Работни цели	Ефикасно, ефективно и квалитетно раководење, организирање, планирање, следење, унапредување и координирање на работата во службата
Работни задачи и обрвски	- раководи, планира, организира, следи, унапредува и ја координира работата на службата за законито, навремено и ефикасно извршување на надлежностите; - ги следи и превзема мерки за правилна примена на законите, подзаконските акти и интерните документи, предлага нивна измена, дополнување или носење на нови; - ги утврдува ризиците, превзема и спроведува мерки за градење на интегритетот на вработените; - превзема мерки за реализација на стратегиите и плановите од надлежност на службата; - координира и дава насоки за следење на постапката на движење на акцизните стоки во електронскиот систем на Царинска управа во делот на т.н EMCS, и носи одлуки за достапноста на системот (планирана и непланирана достапност), во координација со началникот носи одлуки за објавување на информација за недостапност на заедничкиот и националниот домен во работно време; - известува за констатираните неправилности во постапка на движење на акцизни стоки и иницира контроли кај имателите на акцизни дозволи и одобренија и кај субјектите за кои Секторот води регистри до оганизациони единици во Царинска управа; - информира за начинот на постапување на економските оператори за правилно започнување и навремено завршување на акцизната постапка за електронска евиденција на движењето на стоките и врши анализа на грешките во размената на пораките и координира со мерки за отстранување на истите; - координира во решавање на други технички проблеми (пад на системите), дава поддршка во решавањето на технички и процедурални проблеми за сите учесници во акцизните и царинските постапки поврзани со движење на

	акцизни добра; - ги следи прописите на Европска Унија и предлага прилагодување на националното законодавство со прописите на Европска Унија; - ги следи и реализира обврските на организационата единица кои произлегуваат од одлуките, решенијата и интерните акти на Царинската управа и обврските на организационата единица кои произлегуваат од релевантните екстерни акти (законодавството на Република Северна Македонија, правото на Европска унија);

Реден број	89.
Шифра	ЦАР 01 01 В01 002
Ниво	В1
Звање на работно место	Самостоен советник
Назив на работно место	Самостоен советник координатор за EMCS
Број на извршители	1
Одговара пред	Шеф на служба за координација и врски (EMCS)
Вид на образование	Економски науки, Правни науки, Организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	/
Работни цели и обврски	Ефикасно, ефективно и квалитетно администрирање и следење на постапката на движење на акцизните стоки
